## ДОГОВОР ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ПРЕДАВАЊЕ НА ВИШОКОТ ПРОИЗВЕДЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

### СТРАНИ НА ДОГОВОРОТ

**Снабдувач**: ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Лазар Личеноски" бр.11, 1000 Скопје, матичен број 6717110, даночен број 4080011522805, застапуван од Маг. Роланд Циглер и Беркант Шен, управители.

**Потрошувач-производител**

___________________________ со регистрирано седиште на ул. ______________ бр. ____, ______________ , ЕМБС ______________ и даночен број ______________, претставувано од ______________

Во понатамошниот текст, поединечно наведени како „Договорна страна", заедно како „Договорни страни".

### ДЕЛ I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

1.1 Овој договор регулира купопродажба на електрична енергија испорачана од Снабдувачот до Потрошувачот-производител и предавање на вишокот произведена електрична енергија во електродистрибутивната мрежа, согласно условите наведени во овој договор и Понудата-договор за снабдување и откуп.

1.2 Општите услови за мали потрошувачи и домаќинства, објавени на веб-страницата на Снабдувачот (www.snabduvanje.mk), се применуваат за прашања што не се регулирани во овој договор.

### ДЕЛ II. СТАПУВАЊЕ НА СИЛА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

2.1 Овој договор влегува во сила на денот на прифаќање на Понудата-Договор и од денот на почетокот на испорака и снабдување со електрична енергија.

2.2 Период на испорака
Почетокот на испораката и снабдувањето се наведени во Понудата - Договор за снабдување.

### ДЕЛ III. МЕРЕЊЕ

3.1 Договорот е склучен за испорака на електрична енергија на мерните места наведени во Понудата-Договор за снабдување и откуп.

3.2 Потрошувачот-производител плаќа врз основа на испорачаните количини на електрична енергија. Под испорачаната количина на електрична енергија се подразбира количината на електрична енергија во kWh ефективно измерена на местата на испорака што се предмет на овој Договор, во согласност со податоците за мерење дадени од соодветниот оператор на системот.

3.3 Количините на електрична енергија испорачана од Снабдувачот се мерат со уреди за мерење сопственост на соодветниот оператор на системот.

3.4 Во однос на вишокот произведена електрична енергија, Договорот се склучува за примо-предавање на вишоците на електрична енергија

3.5 Потрошувачот-производител ги предава на ЕВН Електроснабување вишоците електрична енергија произведени од фотонапонската централа сопственост на Потрошувачот-производител.

3.6 Електричната енергија која ќе биде преземена од страна на ЕВН Електроснабдување е фактички предадената електрична енергија во дистрибутивната мрежа под услови утврдени со овој Договор.

3.7 Мерењето на електричната енергија што ја предава Потрошувачот-производител во дистрибутивната мрежа се врши со сертифицирани мерни уреди во сопственост на Операторот

на дистрибутивниот систем (ЕВН Македонија). Уредите мора да ги исполнуваат сите законски и технички услови.

## ДЕЛ IV. ФАКТУРИРАЊЕ, ЦЕНИ И ПЛАЌАЊЕ

### 4.1 Цени

4.1.1 Цената на испорачаната електрична енергија што Потрошувачот-производител треба да ја плати се утврдува во МКД за kWh.

4.1.2 Цените на електричната енергија и дополнителните услуги се наведени во Понудата-Договор за снабдување и откуп.

4.1.3 Цените наведени во точките 4.1.4. и 4.1.5 се цени без ДДВ. ДДВ ќе се пресметува дополнително во фактурата согласно Законот за ДДВ.

4.1.4 Цената на вишокот произведена електрична енергија електрична енергија ќе се определи на крајот на секој период на испорака. Договорните страни се согласуваат дека цената претставува пондерирана аритметичка средина на производот од достапниот часовен профил на производство и часовните цени на македонската берза МЕМО за секој ден од договорениот месец на испорака, намалени за договорениот коефициент и договорениот фиксен надоместок изразен во €/MWh. Како пондер се зема достапниот часовен профил на оптоварување на Продавачот во времето кога се прави пресметката:

Пондерирана просечна цена = сума ((PMEMOh-Фиксен Надоместок) * LPh)/сума (LPh)

При што

PMEMOh – Реализирана часовна цена на електрична енергија за ден однапред, тргувана на македонската берза за електрична енергија МЕМО за месецот за кој се врши пресметката и истата е објавена на следниот линк за секој ден/час во месецот https://www.memo.mk/

LPh - Часовен профил на производство за месецот за кој се прави пресметката

Фиксен Надоместок – Договорен надоместок изразен во €/MWh

4.1.5 Во случај на Настан на нарушување на пазарот (пр. Недостапност на цена од МЕМО), Купувачот може да пресмета Заменски индекс користејќи алтернативен Извор за пресметка на цена во следниот редослед:

i. релевантната берзанска цена на енергетска берза во соседна земја (на пр., Србија PX, Бугарија PX) прилагодена за сите дополнителни трошоци за пренос и прекугранични трошоци до точката на испорака;

ii. ако не е достапна, земја поврзана преку мрежи со точката на испорака, прилагодена за сите дополнителни трошоци за пренос и прекугранични трошоци до точката на испорака;

iii. ако ниту една од овие не е достапна, просечните цени понудени од други независни учесници на пазарот за споредлив SPOT производ.

4.1.6 Доколку дојде до промена во пазарните услови, или пак дојде до промени во законите или подзаконските акти на Р.С. Македонија, а особено на законите и правилата со кои се регулира купопродажбата на електричната енергија со овој договор, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на, воведување нови даноци, такси, субвенции или мрежни трошоци, Снабдувачот има право да побара преговори за промена на цените утврдени во член 4.1.1 и 4.1.4 Барањето за преговори мора да биде доставено во писмена форма до другата договорна страна, при што преговорите мора да започнат во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на барањето. Доколку договорните страни не постигнат согласност за промена на цената во рок од најмногу 15 (петнаесет) дена од почетокот на преговорите, било која од договорните страни може да го раскине овој Договор со доставување писмено известување до другата страна, со рок на раскинување од 30 (триесет) дена, во согласност со член 5 од овој Договор. Во тој случај, за периодот од поднесувањето на барањето за преговори до раскинувањето на договорот, договорениот фиксен надоместок наведен во член 4.1.4 се зголемува за 15 €/MWh. Доколку се постигне договор за промена на цената, истата ќе важи од денот на поднесувањето на барањето за преговори од страна на Купувачот, за што договорните страни ќе потпишат анекс на Договорот.

При конверзија на евра во денари се користи дневниот курс објавен од НБРМ за датумот за кој се врши пресметката.

**4.2. Фактурирање**

4.2.1 Во поглед на снабдувањето со електрична енергија, фактурирањето се врши месечно, врз основа на податоците за испорачани количини на електрична енергија за соодветниот пресметковен период доставени од соодветниот оператор на систем.

4.2.2 Снабдувачот ќе издаде и ќе му достави фактура на Потрошувачот-производител во рок од 10 (десет) дена од приемот на мерењата за мерните места извршени од операторот на систем.

4.2.3 Фактурата ќе биде доставена по е-пошта : што ќе биде прифатено како редовна достава на фактура.

4.2.4 Во поглед на превземањето на вишоците на електрична енергија од Потрошувачот-производител, пресметковниот период изнесува 1 (еден) месец.

4.2.5 ЕВН Електроснабдување врз основа на податоците за примо-предадени количини на електрична енергија за односниот пресметковен период обезбедени од страна на соодветниот систем оператор, изработува и на Потрошувачот-- производител му доставува пресметка-обврзница.

4.2.6 Пресметката-обврзницата го содржи надоместот кој ЕВН Електроснабдување како примач на вишоците на електрична енергија од Потрошувачот - производител, го должи кон Потрошувачот - производител, за количините на електрична енергија кои во односниот пресметковен период ги има преземено согласно податоците кои ги има добиено од Операторот на дистрибутивниот систем. Пресметката-обврзницата ги содржи сите елементи од членот 53 од Законот за данокот на додадена вредност, вклучително и пресметан ДДВ. Содржината на пресметката - обврзницата е во согласност со Правилникот за обновливи извори на енергија.

**4.3 Плаќање и обезбедување на плаќањето**

4.3.1. Во поглед на снабдувањето со електрична енергија, Потрошувачот - производител ќе ја плати целосно фактурираната сума во рок од 30 дена по завршувањето на пресметковниот период.
4.3.2 Плаќањата се вршат со трансфер на банкарска сметка наведена во фактурата на Снабдувачот. Плаќањето ќе се смета дека е извршено на денот кога Снабдувачот го примил износот на својата банкарска сметка.
4.3.3 Доколку Потрошувачот - производител не ја плати фактурата или нејзиниот дел во доспеаниот рок, Снабдувачот има право да пресмета и да наплати законска казнена камата од денот на достасаност на обврската за плаќање до денот на плаќањето.
4.3.4 Ако Потрошувачот-производител не плати за потрошената електрична енергија или каква било договорна обврска во временските рамки дефинирани со Договорот за снабдување, Снабдувачот има право да поведе постапка за прекинување на снабдувањето со електрична енергија и/или да го раскине Договорот за снабдување. Во овој во случај Потрошувачот - производител ќе ги сноси и плаќа трошоците за постапката за исклучување
4.3.6. Во поглед на преземањето на вишоците на електрична енергија од Потрошувачот - производител, доколку согласно издадената Пресметка-обврзница, ЕВН Електроснабдување има обврска да изврши плаќање кон Потрошувачот - производител, ќе се изврши порамнување на неговите обврски со обврските на Потрошувач - производител во следниот пресметковен период.
4.3.7. Во случај ЕВН Електроснабдување да има обврска да изврши плаќање кон Потрошувачот - производител, ЕВН Електроснабдување е должен истото да го изврши во рок од 30 дена од денот на достава на Пресметката - обврзницата. Доколку Потрошувачот - производител не достави податоци за трансакциската сметка на која треба да се изврши плаќањето, ЕВН Електроснабдување ќе го изврши плаќањето на трансакциската сметка од која ги прима уплатите за издадените фактури за снабдување со електрична енергија.
4.3.8. Меѓусебните побарувања на договорните страни ќе се компензираат/порамнат во самата Пресметка - обврзница.

## ДЕЛ V. ЗАВРШУВАЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

5.1 Договорот може да биде прекинат, т.е раскинат во следниве случаи:

а) Врз основа на заемна писмена согласност од двете договорни страни;

б) Поради какво било одземање на лиценцата, банкрот или ликвидација или на Потрошувачот - производител или на Снабдувачот;

в) Еднострано, на барање на Потрошувачот - производител со писмен допис доставен најдоцна 30 дена пред денот на кој Потрошувачот-производител бара Договорот да биде раскинат;

г) Со писмено известување од Снабдувачот, вклучително и рок за раскинување од 15 дена од денот на предупредувањето во случаи кога Потрошувачот - производител доцни со своите обврски согласно Договорот за снабдување или со писмено известување од Снабдувачот најдоцна 30 дена пред денот на кој Снабдувачот бара Договорот да биде раскинат.

д) Доколку договорните страни не постигнат согласност за промена на цената согласно член 4.1.6, со доставување писмено известување со рок на раскинување од 30 (триесет) дена. За времетраење на преговорите, Договорните страни немаат право да поднесат барање за раскинување на Договорот.

5.2 Снабдувачот ќе го извести Потрошувачот - производител за престанување на Договорот за снабдување најмалку 30 дена пред денот на престанокот на Договорот.

5.3 Доколку Потрошувачот - производител го раскине договорот пред истекот на периодот на важност на Договорот, без вина на Снабдувачот, Снабдувачот ќе пресмета надоместок во висина на 25% од претходна остварена просечна месечна потрошувачка во времетраење на важност на договор

за снабдување и продуктот во висока и ниска тарифа, помножено со бројот на месеци кои останале нереализирани од договорениот период по цена договорена во Договорот, освен ако поинаку не е дефинирано во Договорот. Надоместокот ќе биде фактуриран во конечната фактура.

5.4 Доколку Договорот за снабдување е раскинат од Снабдувачот, Снабдувачот ќе му ги објасни на Потрошувачот-производител причините за раскинување на договорот и ќе ги наведе можностите да биде снабдуван од друг Снабдувач, Снабдувач во краен случај или Универзален снабдувач и ќе понуди стручна помош за реализација на промената на Снабдувач.

5.5 Во сите случаи на раскинување на Договорот за снабдување, Снабдувачот ќе изготви и ќе ја достави до Потрошувачот - производител крајната фактура за снабдување со електрична енергија и предавање на вишок на електрична енергија при што прекинувањето на снабдувањето со електрична енергија ќе стапи на сила откако операторот на систем ќе обезбеди известување дека е завршена постапката за пренесување на нов Снабдувач.

5.6 Со потпишување на овој Договор на сите претходно потпишани договори им завршува важноста.

## ДЕЛ VI. БАЛАНСНА ГРУПА И БАЛАНСНА ОДГОВОРНОСТ

6.1 Снабдувачот се обврзува да го вклучи Потрошувачот-производител во својата балансна група и да преземе одговорност за балансирање.

6.2 Потрошувачот - производител не треба да врши одделно известување за возниот ред за вишокот на електрична енергија која ја предава во електродистрибутивната мрежа. Неопходното известување за возниот ред ќе го врши ЕВН Електроснабдување.

## ДЕЛ VII. ДОЛЖНОСТ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ И ПОПРАВКИ КАКО И НЕПРЕДВИДЕНИ ДЕФЕКТИ ИЛИ ИСПАДИ

7.1 Потрошувачот - производител е должен благовремено да го информира ЕВН Електроснабдување писмено за сите планирани ревизии и поправки, со тоа што задолжително ќе го наведе и нивното предвидено времетраење и висината на ограничувањето во производството.

7.2 Потрошувачот - производител е должен да го информира ЕВН Електроснабдување писмено за сите непредвидените дефекти и испади, со наведување на причината, предвиденото времетраење и висината на ограничувањето во производството. Потрошувачот-производител е должен без одлагање да го отстрани дефектот или испадот.

7.3 Потрошувачот - производител е должен писмено да го информира ЕВН Електроснабдување за завршувањето на планираната ревизија или поправка, како и за остранувањето на непредвидениот дефект или испад.

## ДЕЛ VIII. РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ

8.1 Договорните страни се согласуваат дека сите спорови што можат да произлезат од овој Договор или во врска со него, вклучувајќи спорови во однос на неговото толкување, невалидност, исполнување или раскинување, како и прилагодување кон новонастанати околности, ќе се решаваат преку преговори помеѓу договорните страни.

8.2 Доколку договорните страни не успеат да постигнат согласност преку преговори, спорот се решава пред надлежниот Основен граѓански суд во Скопје.

8.3 Решавање на спорот во судска постапка нема да претставува причина за неисполнување на другите обврски согласно овој Договор.

## ДЕЛ IX. ВИША СИЛА

9.1 Доколку една од договорните страни биде засегната од вонредни настани кои се непредвидливи и неизбежни, како што се оперативни прекини во националното или меѓународното функционирање на мрежата, вонредни оперативни дефекти, или службено наредени прекини на соодветни производствени капацитети или други службени наредби, земјотреси, одрони, лавини, војна, генерален штрајк, удари од молња итн., или други случаи на виша сила како одбивање на пристап до мрежата од страна на надлежниот оператор, кои целосно или делумно ја спречуваат испораката на услуги во рамки на пазарното работење, соодветната договорна страна има право да ја прекине или ограничи испораката на услуги во соодветна мера, за времетраењето на вонредниот настан и неговите последици. Виша сила не вклучува:

a. Економски или финансиски тешкотии или неможност за плаќање;

b. Механички или опремни дефекти што не се предизвикани од виша сила;

c. Периодичност или недостапност на обновливи ресурси;

d. Неуспех во одржувањето на потребните одобренија или лиценци.

9.2 Во случај на виша сила, засегнатата страна е должна веднаш по дознавањето за причината, природата и обемот, очекуваното времетраење и преземените мерки, во најкраток можен рок, а не подоцна од 24 (дваесет и четири) часа да ги информира другите договорни страни по телефон и писмено преку е-пошта.

9.3 Во случај на виша сила, договорните страни се ослободени од обврските за извршување според договорот и од обврската за надомест на каква било штета, за времетраењето на вонредниот настан.

9.4 Продавачот нема обврска да ја испорачува електричната енергија, а Купувачот не е должен да ја купува електричната енергија од централата наведена во член 1 од овој Договор, сè додека не се отстранат последиците од вишата сила.

9.5 Доколку состојбата на недостапност трае повеќе од 90 последователни дена или вкупно 180 дена во календарската година, секоја од Страните може да го раскине Договорот.

## ДЕЛ X. ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

10.1 Договорните страни се согласуваат дека личните податоци наведени во овој Договор, вклучувајќи имиња, адреси, телефонски броеви и адреси на електронска пошта на овластените лица и застапниците, доставени до другата страна, ќе се обработуваат исклучиво за размена на информации потребни за исполнување на обврските од овој Договор, во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

10.2 Договорните страни се обврзуваат да ги ажурираат доставените лични податоци во рок од 30 (триесет) дена од нивната промена; во спротивно, ќе се смета дека доставените податоци се точни и важечки.

10.3 Договорните страни се обврзуваат да ги чуваат како доверливи сите податоци, активности и околности поврзани со извршувањето на овој Договор, освен ако со важечката регулатива или меѓусебен договор не е поинаку утврдено.

## ДЕЛ XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

11.1 Во случај на правни ограничувања, измени во правниот основ или било какви противречности и измени во законските одредби, засегнатата договорна страна е должна писмено

да ја извести другата договорна страна и да подготви анекс за промена на овој Договор, со цел истиот да се усогласи со променетите околности во рок од 30 (триесет) дена.

11.2 Доколку, во било кое време, некоја одредба од овој Договор стане незаконска, неважечка или неприменлива, законитоста, важноста и применливоста на останатите одредби нема да бидат засегнати или нарушени. Договорните страни се обврзуваат да ја заменат таквата одредба со законска, важечка и применлива одредба што ќе биде колку што е можно поблиска до економското значење на неважечката одредба.

11.3 Договорните страни се согласуваат дека сите податоци и информации што ги разменуваат во врска со овој Договор ќе ги користат исклучиво за извршување на обврските од Договорот, со почитување на начелата за доверливост.

11.4 Сите измени или дополнувања на овој Договор се вршат со анекси кон Договорот, кои мора да бидат соодветно потпишани од двете договорни страни.

11.5 Договорните страни се обврзуваат да ги испраќаат сите известувања и информации една на друга на официјалните контакт адреси наведени во овој Договор.

11.6 За сè што не е предвидено со овој Договор, ќе се применуваат важечките законски и подзаконски прописи на Р.С. Македонија.

11.7 Договорните страни ќе ја третираат целата информација добиена во врска со обработката и исполнувањето на овој договор како доверлива и нема да ја откриваат на трети лица. Исклучок се само случаи на надлежни органи и судови во Р.С. Македонија, како и до компании поврзани со договорните страни, како и трети лица, доколку тоа е неопходно за извршување на договорот, е предмет на службена или професионална тајна, или пак тие преземаат слична обврска за доверливост.

11.8 За целите на фактурирање и друго извршување на договорот, потребните податоци ќе бидат собирани, складирани, обработувани и пренесувани до надлежниот оператор на мрежата, снабдувачот, менаџерот на балансна група, доставувачот на балансни услуги или надлежните органи.

11.9 Овој Договор е подготвен и потпишан во два (2) еднообразни примероци на македонски јазик, по еден (1) примерок за секоја договорна страна. Во случај на спор се применува верзијата на македонски јазик.

11.10 Составен дел на овој Договор е Понуда-Договор за снабдување и откуп.

**ПОТПИСИ**

Во име на ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје:

Маг. Роланд Циглер, Управител

Беркант Шен, Управител

Во име на Потрошувачот-производител:

[Име на застапник]